ДО: Собрание на Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Министертсво за здравство
Министертсво за труд и социјална политика
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## БАРАЊЕ ЗА СИСТЕМСКО РЕШЕНИЕ ЗА ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ПЛАТЕНО ПОРОДИЛНО ОТСУСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛКИ

Ние долупотпишаните мрежи на граѓански организации, земјоделски, женски и граѓански организации за човекови права, се обединивме со заедничко барање за системско законско решавање на остварувањето на правото на надоместок поради бременост, раѓање и мајчинство за индивидуалните земјоделки со статус на задолжителни здравствени осигуреници.

Жените регистрирани како индивидуални земјоделки се исклучени од Законот за здравствено осигурување во делот на надоместоци поради болест, повреда на работно место и отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство. Како осигуреници, индивидуалните земјоделци согласно член 5 став 1 точка 4 од Законот за здравствено осигурување (во понатамошниот текст ЗЗО) имаат право на здравствена заштита, но не и право на надоместоци во случај на привремена спреченост за работа поради болест, повреда и бременост, раѓање и мајчинство (член 13 и 14 ЗЗО). Индивидуалните земјоделци плаќаат 20% придонеси, немаат плата, туку остваруваат приход од земјоделска дејност на годишно ниво, кој е нередовен и условен од временските услови и слични фактори. Законот за работни односи го уредува правото на породилно отсуство, но носители на ова право се осигуреничките уредени со ЗЗО. Согласно постојните законски решенија и самовработените лица имаат право на платено породилно отсуство иако истите не се препознаени во Законот за работните односи нити имаат обврска да примаат месечна плата (на пример, адвокати, нотари, уметници, трговци поединци итн). Земјоделците се фактички работници, односно самовработени лица, но законодавството не ги препознава како такви, туку ја воведува категоријата „индивидуален земјоделец“ на која и доделува помалку права во споредба со другите работници и самовработени лица. Фактот што плаќаат помалку придонеси не може да се гледа како причина за нивно исклучување од правата од здравствено осигурување, туку сосема спротивно, како афирмативна мерка која имала за цел да вклучи маргинализирана категорија во системот на социјално и здравствено осигурурвање и како економска мерка, која има за цел да го поттикне развојот на земјоделството како една од најважните стопански дејности.

Оттука, земјоделките се дискриминирани во однос на останатите работнички и самовработени кои го стекнуваат правото на платено породилно отсуство и боледување согласно ЗЗО. Оваа нехумана политика има сериозни последици врз нивното репродуктивно, психолошко и физичко здравје како и врз здравјето на новороденчињата и децата од руралните области. Согласно истражувањата, повеќето жени ангажирани во

земјоделство не се во можност да си дозволат да го намалат обемот на работа пред и по породувањето, па како последица на тоа, продолжуваат со работни активности и во доцната бременост или почнуваат со работа прерано по породувањето. Оваа состојба резултира со значителни здравствени ризици, како предвремено породување, несакан абортус, зголемен ризик за патолошки бременост, прерано прекинување со доењето, неможност за пружање на соодветна грижа на новороденчињата, што доведува до бројни здравствени проблеми кај децата. На оваа слика доколку се земе предвид отежнатиот пристап до здравствени и социјални услуги и длабоко вкоренетите патријахални норми, се комплетира сликата за маргинализација на руралните жени чии можности и права се многу повеќе ограничени во споредба со населението во урбаните средини.

Заштитата на мајките е фундаментално право на жените кое е предвидено со Уставот, со клучните универзални договори за правата на човекот и меѓународните конвенции. Заштитата на мајчинството треба да е проследена со правото на паричен надоместок за време на породилно отсуство кој ќе обезбеди жената да може да се одржува себеси и своето дете во соодветни здравствени услови и со соодветен стандард на живеење.

*Наспроти нашето барање за системско решавање на проблемот преку препознавање на земјоделците во системот на здравствено осигурување преку измени на ЗЗО, имаме неофоцијални информации дека институциите планираат да го решат овој проблем преку програма на Министертсвото за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) преку која ќе се доделуваат средства за породилно отсуство. Сметаме дека ова решение е крајно нецелисходно и во пракса повторно нема да доведе до фактичко уживање на правото на платено породилно отсуство.* Дел од аргументите против ова решение се:

Ø Програмата ќе треба да се донесува секоја година. И покрај законската обврска сепак постои можност некој иден министер да одлучи да не ја донесе, или да ја донесе со закаснување или во програмата да не предвиди доволно средства за сите земјоделки кои таа година ќе се породат. Програмата дозволува преголема улога на волјата на министерот, што го прави политички зависно, наместо да биде системски гарантирано и остварувано.

Ø МЗШВ континуирано касни со исплатите на субвенции преку програми и мерки, а низ годините се бележи и доцнење од три години. На ист начин, преку програма, би се исплаќале и парите за породилно отсуство, па многу е веројатно да се доцни со месеци, дури и со години. На овој начин, целосно ќе се изгуби поентата на платеното породилно отсуство. Земјоделките е потребно да можат да престанат со работа веднаш откако ќе се породат (и пред тоа), што значи дека точно во тој период се неопходни средства за издржување на новороденчето и семејството. Доколку се доцни, земјоделките ќе мора да продолжат со работа, бидејќи нема да можат да се потпрат на средствата од платеното породилно кои нема да знаат кога ќе се исплатат. На овој начин, правото нема фактички да се ужива.

Ø Платеното породилно отсуство е социјално, женско и работничко право, па оттука МЗШВ не е надлежно нити има капацитет и експертиза за уредување и остварување на

социјалните права на граѓаните. Согласно надлежностите на институциите МТСП и МЗ се надлежни да го овозможат правото на породилно отсуство.

Ø Доколку се доделува преку програма на МЗШВ има поголема можност за провизорно одлучување во иднина за тоа кој ќе добие, а кој не. Се остава простор некоја жена да биде одбиена на политичка основа, бидејќи е активна во опоцизијата или бидејќи јавно го критикува министерството или власта. Низ годините сме сведочеле на ситуации во кои земјоделците биле одбиени од субвенции на политичка основа или поради јавно искажано незадоволство, па оттука оправдано се сомневаме дека истото ќе се случува и со породилното отсуство. Наспроти ова, системот на ФЗОМ е поимун на политичко влијание, па породилното остсутво е универзално за осигурениците кои ги исполнуваат критериумите.

Делење средства на земјоделки преку програма на МЗШВ не може да се нарече право на платено породилно отсуство.

**Имајќи го предвид наведеното бараме:**

1. **Системско решавање на проблемот со породилно отсуство за индивидуалните земјоделки, преку нивно препознавање во ЗЗО (член 14) како осигуреници кои имаат право на надоместок за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство;**
2. **Додадвање на член во Глава 3 од ЗЗО кој ќе предвиди дека основицата за пресметка на породилното отсуство за индивидуалните земјоделки е минималната плата исплатена за претходната година, а дека висината на надоместокот не може да биде помал од минималната плата;**
3. **Транспратентно и инклузивно делување во криерањето на решенија во врска со породилното отсуство и во врска со останатите права на земјдоелците/ките, преку вклучување на сите заинтересирани земјоделски организации, организациите за женски права, еднаквост и недискриминација.**
4. **Донесување на решенија засновани на докази, на Уставот, меѓународните договори, правото на ЕУ и Законот за спречување и заштита од дискриминација, наспорти провизорни решенија кои фактички нема да доведат до уживање на правата.**
5. **Итно формирање на работна група со претставници на граѓанските организации за наоѓање на решение за овозможување на платено отсуство поради болест и повреда.**

Листа на мрежи и граѓански организации:

1. ЛАГ Агро Лидер
2. Фондација Отворено Општество Македонија
3. Мрежа за заштита од дискриминација
4. Рурална Коалиција - коалиција на 56 мали грас рут граѓански организации
5. Македонската асоцијација на земјоделски задруги

6. Сојуз на здруженија за рурален развој Мрежа на ЛАГови
7. Граѓанска иницијатива на жени ГИЖ Свети Николе
8. Здружение „Радика Де“ - Огранок Центар Жупа
9. Рурален агробизнис инкубатор
10. Локална Акциона Група Осоговски Лисец
11. Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници Маргини
12. Хелсиншки комитет за човекови права
13. Организација на жените на општина Свети Николе
14. Здружение за родова еднаквсот Акција Здруженска
15. Балканска водна мрежа
16. ЛАГ Абер 2015
17. Гласен текстилец
18. Здружение за едукативен развој Еквалис
19. Центар за развој и едукација Прилеп
20. Институт за развој на заедницата Тетово
21. Здружение за еднакви можности СЕМПЕР
22. ЛАГ Порече
23. Здружение Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари
24. ЕХО Едукативно-хуманитарна организација
25. Локална Акциона Група Вардар Леадер
26. Здружение Достоинствен работник Прилеп
27. Институтот за европска политика - Скопје
28. Здружение на производители на органска храна „Биовита“- Кавадарци - 39 членови
29. Здружение против дискриминација „ЖЕНСКА СОЛИДАРНОСТ“ - Ресен
30. Институт за човекови права
31. ТрансФорма
32. Пчеларско здружение Пчела Велес
33. НВО ,,КХАМ" Делчево
34. Здружение Цик Цак Крива Паланка
35. Здружение Инклузива
36. ЛезФем

37. Национален ромски центар Куманово
38. ЛГБТИ Центар за поддршка
39. ХОПС Опции за здрав живот Скопје
40. Заедно Посилни
41. Македонско здружение на млади правници
42. Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство
43. Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т.
44. ЕСЕ - Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените
45. Асоцијација за здравствена едукација и истражување ХЕРА
46. Тиииит! Инк.
47. Реактор- Истражување во акција
48. Стела Мрежа
49. Здружение за поддршка на маргинализираните работници СТАР-СТАР Скопје
50. Новинари за човекови права
51. Здружението за млади и едукација Скриениот херој во секое дете Скопје
52. Поречка матица
53. Здружение за родова еднаквост Визија
54. Организација на жени од Струмица со следниве кружоци:
- Женски кружок Дабиле
- Женски кружок Добрејци
- Женски кружок Бодилово
- Женски кружок Муртино
- Женски кружок Сачево
- Женски кружок 6-та Урбана заедница, Струмица
- Женски кружок 8Б Урбана заедница, Струмица

55. Здружение „Радика ДЕ“ Дебар заедно со локалните женски кружоци:

- Локален Женски Кружок Голем Папрадник
- Локален Женски Кружок Новак

56. Женска граѓанска иницијатива „Клеа“- Битола
57. Хуманитарно Здружение „МАЈКА“ Куманово заедно со локалните женски кружоци:

- Локален Женски Кружок Табановце
- Локален Женски Кружок Пчиња
- Локален Женски Кружок Биљановце

- Локален Женски Кружок Горно Којнаре

58. Асоцијација за унапредување на статусот на жената во Македонија „Женска акција“ -Радовиш заедно со локалните женски кружоци:

- Локален Женски Кружок Злеово
- Локален Женски Кружок Ораовица
- Локален Женски Кружок Конче
- Локален Женски Кружок Лубница

59. ОЖ „Женско Лоби“-Демир Капија заедно со месните женски совети:

- Месен Женски Совет Корешница
- Месен Женски Совет Бистренци
- Месен Женски Совет Прждево
- Месен Женски Совет Сирково
- Месен Женски Совет Трстеник
- Месен Женски Совет Манастирец
- Месен Женски Совет Виничани
- Месен Женски Совет Ногаевци
- Месен Женски Совет Водоврати

60. Платформа за родова еднаквост - 28 членки граѓански организации
61. Национална мрежа против хомофобија и трансфобија - 20 членки граѓански организации
62. Блупринт група за реформи во правосудство - 7 членки граѓански организации